Ѓорѓи Ј. ЦАЦА

УСТАВОТВОРНИОТ КАРАКТЕР НА ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ

Теоријата на уставното право и политичката практика на нејзиното остварување во секоја земја, без оглед на нејзиното општествено уредување, под услов да има устав, во категоризацијата на видовите парламенти (собранија) посебно ги вбројува уставотворните собранија. Овие собранија се избираат и свикуваат со една задача – да донесат устав на новопрокламираната и создадената држава или да донесат устав во постојна држава во коренито изменети општествено-политички и економски односи и состојби или заради доразвивање и усовршување на постојното устројство, мотивирани главно од демократска ориентација.

Во политичката и државната практика тие собранија по донесувањето на уставот продолжуваат да функционираат како редовни собранија со својство на законодавен орган или се распуштаат за да се изврши избор на ново собрание врз основа и во сообразност со донесениот устав.

Меѓутоа, независно од натамошната положба на овие собранија, тие во државотворната и политичката историја на секој народ односно држава остануваат како уставноправен темелник на новосоздадената држава или како основа за нејзиниот видоизменет и посовремен и поусовршен поредок и развиток.

I

Во сообразност со светската практика заснована врз изложените теоретско-научни и политички премиси, неспорна е оценката дека Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното осло-

бодување на Македонија – АСНОМ, одржано на 2 август 1944 година, е уставотворно собрание на новосоздадената македонска држава во текот на антифашистичката и народноослободителната војна, што се водеше на територијата на создаваната федеративна Југославија и посебно на подрачјето на сегашна Република Македонија.

Својството на уставотворно собрание на ова заседание го сочинуваат следниве најбитни елементи: целта на свикувањето на заседанието; изборите на членови-делегати на собранието со демократски приод, во услови на војна и борба против окупаторот и неговите помагачи; актите донесени на заседанието кои имаат уставен карактер, уставна содржина и уставно дејство; и прокламативните документи усвоени на заседанието.

II

1. Целта на свикувањето беше решеноста и желбата државотворно да се изрази суверената волја и правото на самоопределување на народот на Македонија за прогласување на македонска држава како рамноправна федерална единица во Демократска Федеративна Југославија.

Оваа цел не беше ни случајна ни инцидентна. Таа беше една од основите на Народноослободителната борба на Македонија што ја водеше македонскиот народ заедно со сите народи на Југославија. Осмислувањето и реалните изгледи за остварување на исконската желба на македонскиот народ да создаде своја држава, помеѓу другото, беа и одлуките на Второто заседание на АВНОЈ од 1943 година, со кои се прокламираше создавање на национални држави во најавената федеративна Југославија.

За делотворно и ефикасно подготвување на Првото заседание на АСНОМ, Главниот штаб на НОВ и ПОМ (Народноослободителна војска и Партизанските одреди на Македонија) ја реализираа иницијативата на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија со својата Одлука од август 1943 година за формирање Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ. Овој одбор, иако без изречни прерогативи на власт, вршеше определени функции предопределени за подготвувањето и свикувањето на Првото заседание на АСНОМ.

Меѓу позначајните активности на Иницијативниот одбор, манифестирани и како дејствување со елементи на власт, спаѓа неговото ангажирање околу изборот на делегати за Првото заседание на АСНОМ, напоредно со изборот на членови на локалните органи на власт.

2. Изборот на членови-делегати за Првото заседание на АСНОМ беше подготвуван и организиран со своевидни нормативни акти на Иницијативниот одбор, како парадржавен орган, и на ЦК КПМ, како организатор и носител на ослободителната борба. Оваа нормативна дејност беше, потоа, проследена и со политички активности, чиишто основни носители беа локалните органи на власта и на Партијата.

Иницијативниот одбор со својот Проглас за идниот развој на народноослободителните одбори во Македонија од март 1944 година донесе пропис за изборното право, во кој изборот на делегати за Првото заседание на АСНОМ беше утврден со посредни избори.

Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, иако немаше функции на власт, но во својство на организатор на борбата и заинтересиран за делотворен состав на Заседанието, на 2 април 1944 година издаде Упатство за избор на делегати за Првото заседание на АСНОМ, кое го упати до окружните комитети на Партијата за изјаснување по предлозите што ги упати Иницијативниот одбор. Своевиден израз на демократската постапка во овие избори е фактот што предложената листа не беше целосно прифатена. Имено, некои од предложените кандидати не беа прифатени, та беа предложени други во сообразност со критериумот – припадност и преданост на НОБ и согласност со Манифестот на Главниот штаб од октомври 1943 година.

Врз основа на овие предизборни активности во услови на војна и ослободени, полуослободени и неослободени територии на Македонија, беа избрани делегати од различен социјален и национален состав.

Степенот на демократичноста на овие избори објективно треба да се оценува во сообразност со условите во кои тие се одржаа и извршија. За таа оценка сигурно не се погодни мерилата што важат за нормални мирновременски услови. При ова не може да се одрекува нивната демократичност во околностите што постоеја во земјата.

III

Изразито уставотворен карактер и државотворно својство на Првото заседание на АСНОМ му даваат актите што тоа ги донесе. Овие акти, во нивната севкупност и поединечно, според својата содржина, значење и дејство се документи со кои се уредува уставна материја според општоусвоениот теоретско-научен концепт за содржината на уставот и неговата примена во уставотворната практика.

Меѓу овие акти со недвосмислена уставна содржина и дејство спаѓаат актите што се предмет на обработка на овој дел од рефератот, а имено:

III.1. *Решението на АСНОМ како врховно законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија*

Овој акт е основоположнички и конститутивен акт на создавањето и прогласувањето на македонската држава како самостојна држава со својство на рамноправна федерелна единица во Демократска Федеративна Југославија.

Основата за донесувањето на ова решение, како што изречно се нагласува во неговиот член 1, е суверената волја и правото на самоопределување на народот на Македонија да образува највисок државен орган со својство на законодавно и извршно претставничко тело и со тоа да прогласи создавање на сопствена – македонска држава. Определбата оваа држава да има својство на рамноправна федерална единица во југословенската федерација значеше едновремено прифаќање и потврдување на Одлуката на АВНОЈ донесена на неговото Второ заседание во Јајце на 29 ноември 1943 година за изградба на Југославија врз федеративен принцип, според кој се утврдува постоење на шест федерални единици.

Со ова решение АСНОМ се утврдува како носител на законодавната и извршната функција (тоа значи на највиталните државни функции) на македонската федерална држава, со можност нив да ги довери на својот Президиум и на Народното правителство на македонската држава, со својство на влада. Меѓутоа, тргнувајќи од реалните состојби функцијата на влада до нејзиното образување му се доверува на Президиумот при кој се образуваат оддели за разни гранки на државната управа, со кои раководат началници под раководство и контрола на член на Президиумот пред кого и одговараат.

Президиумот, исто така, ја врши и законодавната функција помеѓу заседанијата на АСНОМ, што значи дека тој едновремено, под условите утврдени со Решението, ја врши законодавната и извршната функција. Ова делегирање на законодавната функција на носителот на извршната власт е сосема оправдано и основано во воени услови, кога објективно е многу тешко да се одржуваат заседанија на собранието како законодавен орган. Тоа делегирање, од друга страна, значи и настојување на АСНОМ да функционираат сите сегменти на власта врз уставни основи, односно врз основа на акт со уставен карактер, значење и дејство.

Со решението е утврден и составот на Президиумот на АСНОМ, кој го сочинуваат претседател, двајца потпретседатели, двајца секретари и најмалку 16 членови. Овој состав се чини оптимален за вршење на извршната и делегираната законодавна функција во државата.

Со ова решение се утврдува одговорноста на Президиумот за неговата работа пред АСНОМ, што е потврда на уставно воспоставување на односот помеѓу владата и парламентот како карактеристика на секое парламентарно устројство.

Решението, понатаму, го прокламира и принципот на законитост на тој начин што најнапред пропишува дека на територијата на Македонија важат законите на федералната македонска држава и законите на федеративна и демократска Југославија, а потоа го овластува народното правителство на македонската држава односно, до неговото образување, Президиумот на АСНОМ „да ги отфрли заклученијата и заповедите на сите народноослободителни одбори, ако не се во склад со законите на македонската држава".

Воопштениот приказ на основната содржина на Решението за образување на АСНОМ упатува на основан заклучок дека тоа е акт со уставен карактер, содржина и дејство, зашто покрај прогласувањето на македонската држава ги утврдува и основите на организацијата на власта на државата и нејзиното функционирање.

III.2. *Декларација на АСНОМ за основните права на граѓанинот на Демократска Македонија*

Оваа Декларација е следниот акт со кој се потврдува уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ, зашто нејзината содржина е неспорна уставна материја.

Особена карактеристика на Декларацијата е што, во услови на војна, прокламира широк спектар на општоприфатени демократски права на граѓанинот, кои се предмет на сите устави на демократските држави и, особено, на многу подоцна донесените акти на Организацијата на обединетите нации за слободите и правата на човекот и граѓанинот, како и на други меѓународни организации, како што се КЕБС, Хелсиншкиот комитет, Европската унија и др.

Појдовна основа на суштината на Декларацијата е еднаквоста и рамноправноста пред законите на сите граѓани на федералната македонска држава без оглед (во оригиналот „не гледајќи") на нивната народност, пол, раса и вероисповед.

Во сообразност со оваа основа Декларацијата утврдува политички, економски, социјални и културни права, а имено: на сите граѓани им се гарантира слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на здружувањето; на секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповедта и слободата на совеста; избирачко право – активно и пасивно – им се признава на сите граѓани и граѓанки со наполнети 18 години возраст, освен на оние кои се осудени за кривично

дело или се против Народноослободителната борба; изборното право избирачите на демократска Македонија го вршат со тајно гласање врз основа на општо, еднакво, непосредно и лично изборно право, со можност АСНОМ со свое решение, за време на траењето на Народноослободителната војна, да дозволи отстапување од принципот на тајно и непосредно гласање; на секој граѓанин му се гарантира правото на жалба, како и правото на молба и поплака кај сите државни власти.

Во областа на образованието и културата со Декларацијата се утврдува обврска на народната власт да ја отстрани неписменоста и да ја подигне народната култура, како и да осигури бесплатна просвета. Без оглед на реалните можности за остварување на оваа обврска на државата, значаен е фактот што со документ од уставно значење се изразува однос спрема области кои водат кон развивање и афирмирање на нацијата со подигање на просветното и културното рамниште на нејзините припадници.

Со Декларацијата се утврдува право својствено на земјите со капиталистичко устројство во областа на сопственоста. Имено, со неа се гарантира сигурноста на личноста и имотот, правото на сопственост и приватната иницијатива во стопанскиот живот. Подоцна изменетиот однос на Републиката, како и на Југославија, спрема приватната сопственост не ја обезвреднува оваа определба на АСНОМ, особено поради фактот што сегашниот Устав на Република Македонија ја реактивира нејзината вредност и ја утврдува како една од основите на устројството на Републиката.

Од посебно значење за тогашното време и како основа за подоцнежните устави е одредбата од Декларацијата со која на националните малцинства на Македонија им се обезбедуваат сите права на слободен национален живот. Оваа одредба не е само посебна верификација на утврдената рамноправност на граѓаните, туку означува и позитивен однос на државотворниот македонски народ како носител на државниот суверенитет спрема граѓаните кои немаат такво својство. Малцинствата како припадници на народ кој има своја држава не можат, според теоријата и меѓународно утврдените норми, да бидат државотворен народ и во друга држава, зашто тоа би значело да имаат две држави. Меѓутоа, тоа не значи дека во државата во која живеат како малцинство да немаат право на слободен национален живот и да не бидат рамноправни како граѓани еднакви со државотворниот народ. Ваквата определба на АСНОМ, помеѓу другото, значи и признавање и потврдување на определбата на македонскиот народ од периодот на Илинденското востание и прокламациите од Манифестот на Крушевската република.

III.3. *Решението на АСНОМ за заведуене на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава*

Ова решение, напоредно со неговата уставна содржина, има двојно значење. Прво, го потврдува идентитетот на македонскиот народ како носител на државниот суверенитет и единствен конститутивен елемент на македонската држава и, второ, ја исклучува двојазичноста на државната територија на Македонија. Тоа, се разбира, не значи дека малцинствата не можат да го употребуваат својот јазик како начин и облик на изразување на својата националност, но тоа нивно право не е основа за двојазичност или повеќејазичност на територијата на државата, особено во работата на државните органи од сите нивоа.

Суштината на ова решение се изразува во тоа што работата на сите државни органи и други институции се врши на македонски јазик. Тоа значи дека постапките пред овие органи и институции се водат на македонски јазик, а на тој јазик се донесуваат и објавуваат сите прописи, акти и документи.

Ова решение не значи дискриминаторски однос спрема малцинствата врз основа на јазикот. Напротив, тоа е израз на настојувањето за хомогенизирање на севкупното население преку јазикот и отстранување на потенцијалната опасност за гетоизирање на малцинствата со јазикот.

III.4. *Решението на АСНОМ за прогласуене на Илинден – 2 август, за народен државен празник на македонската држава*

Овој ден се прогласува „за народен државен празник на македонскиот народ и македонската држава, како симбол на сите негови борби за негово конечно ослободуене от вековното ропство и за создаване на слободната и суверена федерална македонска држава“.

Целта и смислата на ова решение не е само емотивен израз на почит кон овој голем ден во историјата на македонскиот народ. Тој е особено потврда на континуитетот на ослободителното движење на македонскиот народ и неговата непрекинатост во различни услови. Во тоа е и суштината на симболиката што Првото заседание на АСНОМ се одржа токму на Илинден – 2 август, и што на тој ден овој датум се прогласува едновремено за народен и државен празник.

III.5. *Решението на АСНОМ за оддавање признание и благодарност на Народноослободителната војска,* според својот карактер и дејство, значи уставно воспоставување на вооружени сили на македонската држава. Со ова решение АСНОМ „го изразуе своето признание и народната благодарност на Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија за изградуенето и организуенето на нашата народна војска и за успешното раководене на операциите во борбата против непријателите на нашиот народ“.

Фактот што оваа војска постоеше и дејствуваше пред заседанието на АСНОМ и што активно учествуваше во неговото подготвување и одржување, не го намалува уставниот карактер на ова решение. Тоа признава еден факт, а со решението му дава уставна верификација како фактор во создадената држава и како чинител што придонесе за афирмирањето на земјата во странство и во изградувањето на вистинска, демократска народна власт.

III.6. *Решението на АСНОМ за одобрение решенијата, заповедите и задолженијата земени од Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ* е потврда на сите подготвителни активности за одржувањето на ова заседание, што укажува на фактот дека тоа не беше ниту случајно ниту инцидентно, туку смислено и државотворно и уставотворно подготвувано како собрание кое треба уставно да ја прокламира и организира државата.

III.7. *Решението на АСНОМ за образуване законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ*

Ова решение, иако според својот карактер е организационен акт, има елементи на документ со уставни својства, зашто се однесува на најзначајната функција на собранието како законодавен орган. Тоа едновремено го изразува односот на АСНОМ спрема својата законодавна функција како една од основите на принципот на уставноста и законитоста. Задача на оваа Комисија е да ги претресува и да дава мислење по законопроектите донесени по иницијатива на Президиумот на АСНОМ, Народното правителство и одделните претставители, како и самата да изработува законопроекти. Таа е должна да му поднесува на АСНОМ односно на Президиумот извештаи по одделните законопроекти.

Целта на образувањето на оваа комисија е настојувањето кон законодавната функција да се приоѓа со полна сериозност, темелност и стручност, што е интенција и обврска на секој законодавен орган во демократска држава.

IV

На Првото заседание на АСНОМ беа донесени и два акта кои имаат прокламативен и декларативен карактер, што е во сообразност со светската практика при прогласувањето на нова држава и при донесувањето на устави како првични акти на новосоздадената држава или како документ со кој се прогласуваат коренити промени во уставното устројство на земјата. Такви акти се Манифестот од Првото заседание на АСНОМ и Прогласот од ова заседание.

Покрај овие акти од значење е и Прогласот на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, иако нема својства на акт од уставен карактер ниту е акт на државен орган.

IV.1. *Манифестот од Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ, народностите во Македонија и до македонската емиграција* е означен како „прокламација за полна национална слобода на нашиот народ" и објава на „првата македонска држава во нова Демократска Федеративна Југославија".

Во обраќањето до македонскиот народ, по ретроспективата на неговата макотрпна историја и достигањата во НОБ, со Манифестот се објавува дека „првото Народно собрание, тој симбол на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во *првата слободна македонска држава* – вековниот идеал на македонскиот народ". Напоредно со ова во Манифестот „првото македонско Народно собрание го прокламира пред цел свет своето праведно и неотстапно сакање за обединение на целиот македонски народ на принципите на самоопределуване".

Меѓу другите обраќања Манифестот ги повикува „браќата Арнаути, Турци и Власи" да учествуваат рамноправно во борбата против окупаторот за да можат рамноправно да учествуваат во изградувањето на слободна Македонија – слободна татковина на сите народности, припомнувајќи дека АСНОМ ја прокламира слободата и рамноправноста на сите народности во Македонија.

Манифестот содржи посебен повик до Македонците под Бугарија и Грција и македонската емиграција во Бугарија да се придружат кон борбата што ја води „македонскиот пиемонт" за остварување на идеалот за обединување на сите Македонци, а со тоа да ги „отфрлат самоназначените водачи околу крволокот Иван Михајлов".

Суштината на обраќањето до македонските работници, македонските селани, македонските младинци и младинки, македонските мајки, жени и сестри е повик за вклучување во борбата до конечното ослободување на земјата чијашто гаранција се дотогашните достигања и прогласувањето на македонската држава.

Обраќањето до илинденците е израз на континуитетот на борбата на македонскиот народ за ослободување и создавање на сопствена држава со акцент на историските фалсификувања на таа борба чијашто цел е разделувањето на македонскиот народ на стари и млади.

Севкупната содржина на овој Манифест се состои во потврдувањето на неопходноста на борбата и дотогашните резултати чијшто врвен дострел е прогласувањето на македонската држава.

IV.2. *Прогласот на Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ за одржаното заседание и донесените одлуки на АСНОМ,* чијашто содржина, карактер и значење ги изразува неговиот назив – Удрени се темелите на македонската федерална држава во нова Демократска и Федеративна Југославија, е своевидна политичка прокламација на уставотворно собрание.

Прогласот најнапред ги означува донесените акти како израз на суверената волја на народот, а потоа упатува апел и повик до македонскиот народ и родољубите и родољупките за вклучување во Народноослободителната војска на Македонија и, особено, за зацврстување на единството на целокупниот македонски народ преку Народноослободителниот фронт на Македонија, што овозможи создавање на македонска држава и кое ќе ја зачува таа држава.

Изразито државотворен и политички карактер на Прогласот му дава повикот до македонскиот народ „уште посилно пристапите кон формирање на народноослободителните одбори, органите на новата народнодемократска власт, преку која треба да се соберете за изградувањето на новата македонска држава".

Двојниот карактер на Прогласот како политички документ и военo-мобилизаторски акт има оправдување во условите и околностите во кои е донесен и двојната цел што ја поставува – зацврстување на новосоздадената македонска држава и воена победа до крајот на војната.

IV.3. *Прогласот од ЦК на КПМ до македонскиот народ, народностите во Македонија и Народноослободителната војска за одржаното Прво заседание на АСНОМ,* иако нема карактер на акт со уставни својства, претставува мошне значаен политички документ што ја потврдува уставотворната и државотворната активност и дејност на Првото заседание на АСНОМ од страна на идејниот организатор на ослободителната борба, која го овозможи одржувањето на Заседанието.

Прогласот на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија содржи низа обраќања, чијашто суштина е афирмирањето на Народноослободителната борба, прогласувањето на македонската држава и нејзината натамошна изградба и зацврстување.

На македонскиот народ му се предочуваат сите негови ослободителни борби со посебен акцент на Народноослободителната борба, која мора да продолжи со нејзиниот победоносен крај и која ја создаде слободната и рамноправна федерална држава Македонија во слободна, демократска и федеративна Југославија. Посебно барање се упатува за зацврстување бездруго и веднаш на единството на македонскиот народ особено во Народноослободителниот фронт на Македонија како ма-

совна политичка организација на целиот македонски народ, без оглед на вера, народност и политичка припадност.

Од работниците и селаните се бара уште посмело да ја засилат народноослободителната борба и да ги дадат сите свои сили за изградувањето на првата национална македонска држава.

На чесната македонска интелигенција ѝ се порачува дека државата чека на нејзините делотворни раце и давање на сите нејзини знаења и способности за доброто и благото на првата суверена македонска држава.

Македонската младина се повикува да ги сплоти уште поцврсто своите редови и со младински полет да земе учество во последниот бој и во изградувањето на македонската држава, во која се остваруваат нејзините идеали за среќен младински живот.

На македонските мајки, жени и сестри им се соопштува дека вековната општествена онеправданост на жената е укината во новата македонска држава и затоа се бара нивно поголемо учество во Народноослободителната борба и во изградувањето на суверена Македонија, среќна татковина на сите македонски жени.

Обраќањето до Албанците, Турците, Власите и Евреите почнува со констатацијата дека новата македонска држава е и нивна држава, зашто е заснована врз принципите на братството меѓу сите народности кои живеат во македонската земја. Затоа се бара да стапуваат во Народноослободителната војска на Македонија, која е нивна војска и да не дозволуваат фашистичките окупатори да ги прават џелати на нивните браќа.

Од војниците на Народноослободителната војска на Македонија, партизаните, борците, офицерите и политичките комесари, по признанието на нивната готовност за саможртва за ослободување на земјата, се бара појако и посмело да удрат по фашистичките окупатори и своите бригади да ги разраснат во дивизии и корупуси и да тргнат во последен решавачки бој за ослободување на Македонија.

Последното обраќање се однесува до комунистите на Македонија. Од нив се бара да го држат и натаму високо славното знаме на Комунистичката партија на Југославија и да бидат први во изградувањето на слободната федерална држава Македонија во демократска и федеративна Југославија.

Мобилизаторскиот карактер на овој Проглас упатен од политичка партија претставува и партиска верификација на уставотворните и државотворните акти на Првото заседание на АСНОМ, што е својствено на секоја политичка организација и партија. Затоа и од де-

нешен аспект овој Проглас со основа треба да се вклучи во уставотворните и државотворните активности што се остваруваа во тоа време во Македонија.

V

АСНОМ по своето Прво заседание продолжи да работи на Второто (28–30 декември 1944 година) и Третото (14–16 април 1945 година) заседание. На ова свое последно заседание тој, со соодветни измени на решенијата од Првото заседание и со неговото бројно проширување и зголемување, прерасна во Народно собрание на Македонија. Со тоа се приклучи кон практиката на оние земји во кои уставотворните собранија продолжуваат да работат како обични собранија со својство на законодавен орган.

Оваа трансформација не е формална. Напротив, таа има суштинска содржина и претставува уште една потврда на тврдењето за уставотворниот карактер на Првото заседание на АСНОМ.

Натамошна потврда на овој карактер се сите подоцнежни устави на нашата Република, зашто тие или поаѓаа од решенијата на Првото заседание на АСНОМ, или некои од нив целосно ги преземаа со соодветно приспособување кон новите услови и околности или на друг начин ги верификуваа. Најизразита потврда на ова е делот од Преамбулата на Уставот на Република Македонија во која, изразувајќи го континуитетот на државноста на Републиката, се поаѓа, помеѓу другото, и од „историските одлуки на АСНОМ и уставноправниот континуитет на македонската држава како суверена република во федеративна Југославија“.

Во оваа светлина не е политичко-дневна пропагандистичка парола тврдењето дека без АСНОМ и федерална Македонија ќе немаше Собрание на Република Македонија ниту суверена и самостојна Република Македонија. Тоа е факт и вистина што не може да го спорат ниту науката и теоријата, ниту политиката како наука и општествена активност.

ЛИТЕРАТУРА

1. *АСНОМ – Документи,* том I, книга I, изд. „Архив на Македонија“, Скопје, 1984.

2. *АСНОМ – Документи,* том I, книга III, изд. „Архив на Македонија“, Скопје, 1987.

3. Д-р Леон Гершковић, *Документи о развоју народне власти*, изд. „Просвета", Београд, 1948.

4. Д-р Новица Велјановски, *Државноправниот развој на Македонија*, изд. Институт за национална историја, Скопје, 1992.

5. Академик Александар Христов, *Создавање на македонската држава 1893–1945*, изд. „Мисла", Скопје, 1971.

6. Проф. д-р Ѓорѓи Ј. Цаца, *Уставниот развиток на Социјалистичка Република Македонија*, изд. „Службен весник на СРМ", Скопје, 1983.

7. Проф. д-р Ѓорѓи Ј. Цаца, *Социјалистичка република у југословенској федерацији*, изд. „Радничка штампа", Београд, 1977.

8. Проф. д-р Ѓорѓи Ј. Цаца, *Слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република-Македонија*, изд. „Студентски збор", Скопје, 1994.

Gjorgji J. CACA

THE CONSTITUTIONAL CHARACTER OF THE FIRST SESSION OF *ASNOM*

(S u m m a r y)

Since it is in accordance with international practice based on theoretical scientific and political premises, the evaluation of the First Session of *ASNOM* as a constitutional congress of the newly created Macedonian state in the course of the Anti-fascist and People's Liberation War which took place on the territory of Federal Yugoslavia and especially on the territory of today's Republic of Macedonia, is quite justified.

The character of the constitutional assembly of this session is determined by the following primary elements: the purpose of the holding of the session; the election of the members of the assembly; the acts passed in the course of the assembly which have a constitutional character, contents and effect; and the proclamations adopted at the session.

1. The majority of the acts passed at this session have and irrefutable constitutional character, contents and effect. Among them are:

1.1. The *ASNOM Resolution* as a supreme legislative and executive body representing the people and the highest organ of state authority of Democratic Macedonia. This decision is in fact the basic constitutional act for the creation and proclamation of the Macedonian state as an independent state entity.

1.2. The *ASNOM Declaration* of the fundamental rights of the citizen of Democratic Macedonia.

1.3. The *ASNOM Resolution* for the introduction of the Macedonian language as official language of the Macedonian state.

1.4. The *ASNOM Resolution* for the celebration of *Ilinden* (2nd August) as a public and national holiday of the Macedonian state.

1.5. The *ASNOM Resolution* for the formation of a Legislative Commission as part of the Presidium of *ASNOM*, the function of which was to design, consider and evaluate the projected laws.

2. The *ASNOM* proclamations include:

2.1. *The Manifesto of the First Session of ASNOM* to the Macedonian people, the ethnic groups in Macedonia and the Macedonians abroad.

2.2. *The Declaration of the First Session of ASNOM* to the Macedonian people regarding the *ASNOM* Session held and the decisions reached.

2.3. *The Declaration of the Central Committee of the Communist Party of Macedonia* (CK KPM) to the Macedonian people, the ethnic groups in Macedonia and *NOV* regarding the First Session of *ASNOM*.

3. A contemporary constitutional and legal confirmation of the constitutional character of the First Session of *ASNOM* is a part of the Preamble to the Constitution of the Republic of Macedonia which, among other things, is based on "the historic decisions of *ASNOM* and the constitutional and legal continuity of the Macedonian state as a sovereign republic of federal Yugoslavia".